РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2501/2
23-11-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 55-седница одржано на ден 17.11.2021 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата заведена под број 12-2501/1 од 21.07.2020 година на непознат подносител, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата, поради тоа што ДКСК веќе има постапено по пријава со слични предметни наводи и има донесено одлука од своја надлежност.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 21.07.2020 година, поднесена е пријава/иницијатива против огласот за прием на седма генерација слушатели и конечната ранг листа за прием на седмата генерација на слушатели на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" Скопје, со архивски број 08-190/4 од 25.06.2020 година. Во пријавата се наведува дека од повеќе од 650 апликанти кои се пријавила на наведениот оглас, биле примени деца на високи функционери, судии, обвинители па се изразува сомневање за корупција и судир на интереси, на начин што било извршено влијание врз Академијата за судии и јавни обвинители и лица вработени во истата, за нивни блиски лица да бидат избрани за слушатели на Академијата.

При разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека предметната пријава е со слични предметни наводи по предмет оформен по пријава за судир на интереси против Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев - Скопје по која ДКСК веќе има постапено, а која е заведена под број 09-2922/1 од 01.09.2020 година и по која на 55-та седница на ДКСК одржана на ден 16.11.2021 донесена е одлука од нејзина надлежност, а со донесената одлука, ДКСК има одлучено постапката по предметната пријава да се запре од причина што не се потврдени предметните наводи.

Врз основа на констатираното, ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување по овој предмет и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: Ј.Ц.
Одобрил: Г.Т.,член на ДКСК